# ОДЛУКА

за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2021 година, со писмено мислење на Надзорниот одбор

Скопје, мај 2022 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр.399/04.03.2020 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2021 година со писмено мислење на Надзорниот одбор

1. Се усвојуваат Ревидираните финансиски извештаи за 2021 година на Стопанска банка АД – Скопје, подготвени согласно сметководствената регулатива во Република Северна Македонија, со писменото мислење на Надзорниот одбор.

2. Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје, кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2021 година и билансот на успех, извештај за промени во капиталот и извештајот за парични текови за годината што заврши и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки, се ревидирани од друштвото за ревизија *PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Skopje*.

3. Ревидираните финансиски извештаи за 2021 година се составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
31.05.2022 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно Законот за банки и Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на годишното собрание ги разгледува и усвојува ревидираните финансиски извештаи.

Надзорниот одбор ги разгледа Ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2021 година на седницата оддржана на 28.04.2022 година и изготви Мислење со кое потврдува дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно и точно во релевантните финансиски извештаи.

Финансиските извештаи за 2021 година, кои што го вклучуваат билансот на состојба, како и билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во капиталот и резервите и паричниот тек, се ревидирани од страна на овластената ревизорска куќа ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје. Според мислењето на ревизорот, финансиските извештаи ја прикажуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката заклучно со 31 декември 2021 година, резултатите од работењето, како и паричните текови за годината која што завршува во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија. Надворешните ревизори на Банката немаат откриено ниту едно прашање што материјално би влијаело на финансиските резултати.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје да ја донесе оваа Одлука како што е предложено.

Скопје, мај 2022 година